**20241803156**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 394 алинеја 9 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/19, 302/20, 122/21 и 33/24), а во врска со член 6 став (2) и член 23 став (5) од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/19), министерот за внатрешни работи, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА АВТОШКОЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на лиценцата за автошкола (во натамошниот текст: лиценцата).

Член 2

(1) Образецот на лиценцата е изработен на тврда картонска хартија во правоаголна форма со А4 формат.

(2) Во позадината на образецот од ставот (1) на овој член отпечатено е знамето на Република Северна Македонија.

Член 3

(1) Образецот на лиценцата ги содржи следниве податоци:

- РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА;
- МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ;
- амблем на полицијата;
- наслов;
- број на лиценцата;
- назив на автошколата;
- седиште на автошколата;
- категории на моторни возила за кои автошколата е овластена за спроведување на оспособување на кандидати за возачи;
- место и датум на издавање на лиценцата;
- место за печат;
- место за потпис на министерот за внатрешни работи и
- сериски број на лиценцата.

(2) Обрасците на лиценцата од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог бр.1 и Прилог бр.1-а, кои се составен дел на овој правилник.

Член 4

Со денот на отпочнување на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на лиценцата за автошкола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/16).

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува по шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

| | |
|---|---|
| Бр. 13.1-91599/1 | Министер |
| 27 август 2024 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | **Панче Ташковски**, с.р. |

**Прилог бр.1**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

# Л И Ц Е Н Ц А
ЗА АВТОШКОЛА

______________________________
**(Број на лиценцата)**

______________________________
( НАЗИВ НА АВТОШКОЛАТА)

______________________________
( СЕДИШТЕ НА АВТОШКОЛАТА )

______________________________
(КАТЕГОРИИ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА КОИ АВТОШКОЛАТА Е ОВЛАСТЕНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ

| | |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |
| Место и датум на издавање | Министер за внатрешни работи |

М. П.
МК0000000

**Прилог бр.1-а**
**Shtojca nr.1-a**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME**

# Л И Ц Е Н Ц А
# L I C E N C Ë

ЗА АВТОШКОЛА / PËR AUTOSHKOLLË

______________________________________

**(Број на лиценцата) / (Numri i licencës)**

______________________________________________________________________

( НАЗИВ НА АВТОШКОЛАТА / TITULLI I AUTOSHKOLLËS)

______________________________________________________________________

( СЕДИШТЕ НА АВТОШКОЛАТА / SELIA E AUTOSHKOLLËS)

______________________________________________________________________

(КАТЕГОРИИ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА КОИ АВТОШКОЛАТА Е ОВЛАСТЕНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСПОСОБУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ВОЗАЧИ / KATEGORI TË AUTOMJETEVE PËR TË CILAT AUTOSHKOLLA ËSHTË E AUTORIZUAR PËR ZBATIMIN E AFTËSIMIT TË KANDIDATËVE PËR SHOFERË )

| | |
|---|---|
| ________________________________ | ________________________________ |
| Место и датум на издавање<br>Vendi dhe data e lëshimit | Министер за внатрешни работи<br>Ministri i Punëve të Brendshme |

М. П.
V.V.
MK0000000